Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



**јуни 2024 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е** ........ **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ........ **3**

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5

Број на извршени градежни работи по видови објекти ........ 6

Промет во секторот трговија ........ 6

Инфлација ........ 7

Берзански цени ........ 9

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ........ **11**

Извоз ........ 12

Увоз ........ 13

Салдо на трговска размена ........ 14

Валутна структура ........ 15

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ........ **15**

Буџетски приходи според економската класификација ........ 15

Буџетски расходи според економската класификација ........ 16

Расходи по буџетски корисници ........ 17

Буџетско салдо ........ 19

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ........ **19**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 19

Плати ........ 20

Пензии ........ 21

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ........ **21**

Примарни пари ........ 22

Депозитен потенцијал ........ 22

Кредити на банките ........ 23

Каматни стапки на депозитни банки ........ 23

Пазар на капитал ........ 24

Девизни резерви ........ 24

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## јуни 2024 година

- Индустриското производство во јуни 2024 година забележа пад од 6,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во јуни 2024 година изнесува 3,2% на годишно ниво и истата забави и е пониска за 1,3 п.п.(4,5% во мај 2024 година). На месечно ниво инфлацијата бележи пад од 0,3%;
- Во периодот јануари - јуни 2024 година извозот забележа пад од 7,6%, а увозот раст од 0,1%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 25,5%, споредено со истиот период од 2023 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во јуни 2024 година изнесуваа 144.304 милиони денари, односно 16,0% од БДП, што претставува повисоко остварување за 10,0% во однос на јуни 2023 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во јуни 2024 година изнесуваа 168.162 милиони денари, односно 18,6% од БДП, што е за 8,7% повеќе во однос на јуни 2023 година;
- Во јуни 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 6,4% во споредба со јуни 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,2%.


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во јуни 2024 година забележа пад од 6,5% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во јуни 2024 година се должи на намаленото производство во сите сектори: Рударство и вадење на камен бележи пад за 9,5%, Преработувачка индустрија за 4,2%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи пад за 16,7%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во јуни 2024 година бележат 10 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 35,8% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, во јуни 2024 година пад е забележан кај гранките: производството на метали од 22,0%, со придонес од -1,0 п.п. и производство на моторни возила, приколки и полуприколки од 2,6% со придонес од -0,3 п.п., додека раст е забележан кај гранките: производството на електрична опрема од 5,5% со придонес од 0,3 п.п. и производството на машини и уреди од 3,6% со придонес од 0,2 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки во јуни 2024 година, се забележува пад на производството кај следните гранки: производството на облека за 19,8% со придонес од -1,3 п.п., производството на текстил за 9,8% и придонес од -0,5 п.п., производството на тутунски производи за 43,0% со придонес од –0,5 п.п., преработката на дрво и производи од дрво и плута за 8,3% и придонес од -0,1 п.п. и производството на кожа за 5,8% со придонес од -0,04 п.п., додека зголемување на производството се забележува кај гранките: прехранбена индустрија за 4,7%, со придонес од 0,5 п.п., производство на пијалаци за 1,6% и придонес од 0,1 п.п..

Намалување на индустриското производство според намената на произведените единици во јуни 2024 година е резултат на намаленото производство кај следните групи: Енергија (пад од 13,7%, со придонес од -1,8 п.п.), Капитални производи (пад од 11,0%, со придонес од -2,5 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 7,1%, придонес од -2,2 п.п.), додека зголемување на производството е забележано кај групата Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 13,6%, придонес од 0,5 п.п.). Производството кај групата Интермедијарни производи, освен енергија останува на истото ниво споредено со јуни 2023 година.

На кумулативна основа, во периодот јануари-јуни 2024 година индустријата забележа пад од 5,1%, што се должи на намаленото производство во сите сектори: Рударство и вадење на камен од 5,8% (придонес од -0,5 п.п.), Преработувачка индустрија од 2,2% (придонес од -1,8 п.п.), и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 25,3% (придонес од -3,1 п.п.).

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јуни 2024 година)*




Извор: ДЗС

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јуни 2024 година)*




Извор: ДЗС

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари-јуни 2024 година е регистриран единствено кај групата Капитални производи (1,7%), додека пад се бележи кај гранките: Енергија (за 24,1%), Интермедијарни производи освен енергија (за 0,8%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 1,2%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 7,6%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јуни 2024 година е зголемен за 1,2% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен од 5,1%, Преработувачка индустрија од 0,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,0%. Раст на бројот на работници се забележува кај гранките: поправка и инсталирање на машини и опрема од 31,8%, производство на машини и уреди, неспоменати на друго место од 27,3% и производство на пијалаци од 16,3%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јуни 2024 година во однос на истиот месец од минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Енергија од 4,7%, Капитални производи од 15,6% и Трајни производи за широка потрошувачка од 16,3%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата јануари-јуни 2024 година бележи раст од 1,7%, што се должи на зголемениот број на сите сектори: Рударство и вадење на камен од 5,3%, Преработувачка индустрија од 1,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,8%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари-јуни 2024 година е зголемен кај секторите: Енергија од 4,4%, Капитални производи за 16,6% и Трајни производи за широка потрошувачка од 10,6%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2024 година издадени се вкупно 185 одобренија за градење, што претставува значителен пад од 23,6% во однос на истиот месец од 2023 година, како резултат на годишниот пад на издадени одобренија за градење за високоградба (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 58,4%) за 6,1%, додека кај објектите за реконструкција, има намалување од 34,4%. Споредено со мај 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 28,8%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јуни 2024 година на годишна основа е пониска за 35,4%, а во однос на претходниот месец истата бележи пад од 43,8%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 108 (или 58,4%) се наменети за објекти од високоградба, 37 (или 20,0%) за објекти од нискоградба и 40 (или 21,6%) за реконстркција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 185 издадени одобренија за градба, на 112 објекти (или 60,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 73 објект (или 39,5%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јуни 2024 година предвидена е изградба на 400 станови со вкупна корисна површина од 35.505м². Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 5,7%, и на годишно ниво е намален за 24,5%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јуни 2024)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.7: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*






Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Број на извршени градежни работи по видови објекти




**Графикон 1.8:** Извршени градежни работи (милиони денари)

Во мај 2024 година извршени се градежни работи во вкупна вредност од 2.405 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 12,1%, кај нискоградба има раст од 57,6%, кај специјализирани градежни работи има раст од 38,0%, додека кај високоградба има пад од 30,1%. Споредено со април 2024 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи раст од 2,5%, кај нискоградба од 21,1%, додека пад има кај високоградба од 17,8%, и кај специјализирани градежни работи од 33,5%. Кумулативно, во периодот јануари – мај 2024 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 11.476 милион денари, што е за 6,9% повеќе во споредба со истиот месец минатата година.

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите пет месеца годинава се извршени градежни работи во вредност од 7.528 милиони денари, односно 32,3% повеќе во однос на истиот период минатата година. Вредноста на извршените работи кај високоградбата во овој период се намали за 25,1% и изнесува 3.527 милиони денари. Кај специјализирани градежни работи вредноста на извршените работи во овој период е 420 милиони денари, односно 26,8% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари-мај 2024 година се зголеми за 13,4%, при раст кај нискоградба (40,4%) и кај специјализирани градежни работи (34,5%), додека кај високоградбата забележан е пад (20,7%).

## Промет во секторот трговија

Во јуни 2024 година, податоците за внатрешна трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот од 3,2%, по растот од 2,5%, во мај. Вредноста на прометот во јуни 2024 година изнесува 64.916 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари-јуни 2024 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 384.301 милиони денари, што е за 4,0% повеќе во однос на истиот месец од минатата година.

Кумулативно во перидот јануари-јуни 2024 година позитивен раст на прометот е забележан кај сите сектори: трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 209.307 милиони денари, односно е за 5,9% повеќе во однос на истиот месец од минатата година, кај секторот трговија со моторни возила и поправки чија вредност на прометот изнесува 23.625 милиони денари, односно е за 1,8% повеќе во однос на истиот период од минатата година, и кај трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 151.369 милиони денари, што е за 1,8% повеќе во споредба со иститот месец од минатата година.

**Графикон 1.9:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




На реална основа, трговијата на мало во јуни 2024 бележи годишен пад од 0,9%, додека анализирано по групи и класи, намалување се забележува во групите, трговијата на мало со непрехранбени продукти за 4,8%, и трговија на мало со храна, пијалоци и тутун за 1,4%, додека зголемување се забележува само во групата трговијата на мало со автомобилски горива за 7,4%.

Во јуни 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија, има одделот Трговија на големо (55,0%), потоа Трговија на мало (39,5%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (5,6%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во јуни 2024 година изнесува 3,2% на годишно ниво и истата забави и е пониска за 1,3 п.п.(4,5% во мај 2024 година). Овој месец инфлацијата главно произлегува од базичната компонента, а прехранбената компонента регистрира забавен раст. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – јуни изнесува 3,7%.

Базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во јуни 2024 година забележува забавување на растот и изнесува 4,8% на годишна основа (5,5% претходниот месец). Најголем позитивен придонес овој месец имаат зголемените цени од категоријата Ресторани и хотели (1,1 п.п.).

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци[1], забележаа раст од 2,1% (пониски за 1,7 п.п. од претходниот месец), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во јуни изнесува 0,8 п.п. и придонесот на истата е намален во споредба со претходниот месец. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа следните поткатегории: леб и жита (годишен раст од 4,4%, придонес од 0,4 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 4,2%, придонес од 0,3 п.п.), овошје (годишен раст од 11,5%, придонес од 0,2 п.п) и месо (годишен раст од 2,0%, придонес од 0,2 п.п.). Негативен придонес во цените на храната имаа цените на зеленчукот (-0,4 п.п.) и маслото (-0,1 п.п.).

Графикон 1.10: Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во јуни 2024 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 9,0% (придонес во раст на вкупна инфлација од 0,5 п.п.). Раст на цените е регистриран и кај другите категории, и тоа: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,5%[2], Разновидни стоки и услуги од 5,2%, Здравствена заштита од 5,2%, Рекреација и култура од 4,2%, Транспорт од 3,4%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 3,1%, Облека и обувки од 2,8%, Комуникации од 2,9% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 2,6%. Намалување се забележува единствено во категоријата Образование од 0,6%.

Графикон 1.11: Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

[1] Од март 2024 година престана да важи мерката за намалување на цените за 10% на основни прехранбени производи кои во малопродажбата се продаваа со ознака „гарантирана цена“.

[2] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сѐ до 2030 година.

Потрошувачките цени во јуни се намалија за 0,3% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,9%). Во јуни цените на храната се намалија за 0,3% и најголем придонес во падот беше поради намалувањето на цената на зеленчукот.

Во јуни 2024 година цените на мало се зголемија за 4,1% на годишно ниво и истите забележуваат забавување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа пад од 0,9%.



Графикон 1.12: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан

Во Еврозоната стапката на инфлација во јуни 2024 година се намали за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 2,5%[3].

ЕЦБ ја ревидираше во нагорна насока стапката на инфлација за Еврозоната за по 0,2 п.п за 2024 и 2025 година. Согласно проекциите стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,5% во 2024, 2,2% во 2025 и 1,9% во 2026 година. За 2024 година во наредните два квартали се очекува стапката на инфлација да се движи околу 2,5% со одредена нестабилност поврзана поради базниот ефект на цените на енергијата. Не се очекува драстична промена на инфлацијата во текот на 2024 година и истата ќе остане над историскиот просек што го одразува бавното намалување на цените на услугите.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јуни 2024 година се зголеми за 0,7% на месечно ниво и изнесува 82,6 долари за барел, што е одраз на зголемената побарувачка и повторното разгорување на геополитичките тензии на Блискиот Исток. На годишно ниво цената на нафтата е повисока за 10,2%.

Графикон 1.13: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*



Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

[3] Податокот е процена на Евростат

Во јуни 2024 година, цената на природниот гас регистрира раст од 9,9% на месечно ниво. Овој месец цените се зголемија како резултат на промени во динамиката помеѓу побарувачката и понудата, геополитичките случувања, како и потребата за зголемување на нивото на залихи во Европа. Случувањата на глобалните пазари ја зголемуваат загриженоста на понудата и покрај завршената зимска сезона што се рефлектира со повисоки цени. На годишно ниво цената на природниот гас во јуни 2024 година е зголемена за 7,2%.

Графикон 1.14: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во 2023 година се забележува стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и регионалните берзи и трендот на намалување на цената продолжи и на почетокот од 2024 година, меѓутоа последните два месеци цената на електричната енергија регистрира раст. Цената на електричната енергија во јуни 2024 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 91,7 евра за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 27,0%, а на годишно ниво регистрира пад од 5,0%.

Графикон 1.15: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во јуни 2024 година, цените на основните метали регистрираа намалување во споредба со претходниот месец. На месечно ниво се намалија цените на: никелот за 10,7%, цинкот за 5,1%, бакарот за 4,8%, оловото за 3,3%, калајот за 2,9% и алуминиумот за 2,6%.

Цената на железната руда регистрира пад од 9,6% на месечна основа.

Златото овој месец регистрираше намалување од 1,1% на месечна основа, од преостанатите благородни метали на месечно ниво платината исто така регистрираше пад од 2,9%, додека цената на среброто се зголеми за 0,7%

Цените на пченката и пченицата во јуни се намалија на месечна основа за 2,7% и 8,9%, соодветно. Цената на сончогледовото масло во јуни се зголеми за 3,7% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенси (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |

Извор: World Bank, Hungarian Power Exchange

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првата половина од 2024 година изнесува 9.473,9 милиони евра и бележи пад од 3,2% во однос на истиот период од минатата година.

Во периодот јануари - јуни 2024 година, учеството на размената со Европската унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е зголемено за 0,3 п.п. споредено со истиот период од претходната година и изнесува 62,3%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешно-трговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите шест месеци од 2024 година изнесува 24,1% и е намалено за 1,1 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во првата половина од 2024 година изнесува 3.930,0 милиони евра и бележи пад од 7,6% (321,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 1,5% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во јуни 2024 година изнесува 684,1 милион евра и бележи пад од 1,4% (9,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 9,0% споредено со јуни од 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2024 година извозот бележи раст од 13,3% (80,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 10,3%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (3,0 п.п.) врз извозот во овој месец.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Вредноста на извозот на храна во првата половина од 2024 година е зголемена за 27,4 милиони евра, што претставува раст од 11,9% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на извезената храна е зголемена за 16,2%. Растот на вредноста на извозот на храна е проследен и со зголемување на количината на извозот на храна, што главно се должи на одредено намалување и стабилизирање на цените на храната на меѓународниот пазар. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите шест месеци од 2024 година изнесува 6,6% и е зголемено за 1,1 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

Анализирано според економските групации[4] на земјите, во периодот јануари - јуни 2024 година споредено со истиот период од 2023 година, извозот бележи пад кај групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека раст има кај групациите: Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 8,9% на годишно ниво и во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 78,6%, додека извозот кај земјите од Западен Балкан бележи раст од 7,4% и во вкупниот извоз на нашата земја учествува со 13,3%.

[4] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првата половина од 2024 година изнесува 5.544,0 милиони евра и бележи раст од 0,1% (6,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 6,9%.

Вредноста на увозот во јуни 2024 година изнесува 896,9 милиони евра, што претставува пад од 4,2% (39,0 милиони евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а увезените количини стоки се намалени за 21,1% споредено со јуни 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2024 година увозот бележи раст од 0,7% (6,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 2,4%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (1,7 п.п.) врз увозот во овој месец.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот на храна во првата половина од 2024 година е зголемена за 51,6 милиони евра, што претставува раст од 11,1% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 12,1%. Растот на вредноста на увозот на храна е проследен и со зголемување на количината на увозот на храна, што главно се должи на одредено намалување и стабилизирање на цените на храната на меѓународниот пазар.  Во структурата на вкупниот увоз на нашата земја, учеството на храната во првите шест месеци од 2024 година изнесува 9,3% и е зголемено за 0,9 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2023 | I - VI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 63,6 | 72,0 | 8,4 | 13,2 |
| Мил. ЕУР | 49,5 | 50,4 | 0,9 | 1,8 |
| Мил.$ | 53,4 | 54,5 | 1,0 | 1,9 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2023 | I - VI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 576,3 | 555,1 | -21,2 | -3,7 |
| Мил. ЕУР | 417,5 | 409,0 | -8,6 | -2,0 |
| Мил.$ | 450,9 | 442,2 | -8,7 | -1,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2023 | I - VI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 39,1 | 29,8 | -9,3 | -23,7 |
| Мил. ЕУР | 1.256,0 | 991,4 | -264,6 | -21,1 |
| Мил.$ | 1.357,8 | 1.071,4 | -286,4 | -21,1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2023 | I - VI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 13,4 | 15,6 | 2,2 | 16,6 |
| Мил. ЕУР | 91,7 | 92,3 | 0,6 | 0,6 |
| Мил.$ | 99,1 | 99,7 | 0,6 | 0,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2023 | I - VI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 346,8 | 341,2 | -5,6 | -1,6 |
| Мил. ЕУР | 305,3 | 266,2 | -39,0 | -12,8 |
| Мил.$ | 329,9 | 288,1 | -41,8 | -12,7 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2023 | I - VI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 328,3 | 343,9 | 15,6 | 4,7 |
| Мил. ЕУР | 251,5 | 239,3 | -12,2 | -4,8 |
| Мил.$ | 271,9 | 258,7 | -13,2 | -4,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - јуни 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 25,5% односно 327,9 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во јуни 2024 година, трговскиот дефицит се намали за 12,0% односно 29,1 милион евра споредено со јуни 2023 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива.

Во првата половина од 2024 година 93,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Полска, Италија, Србија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Чешка, Унгарија, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 92,4% од трговската размена во периодот јануари - јуни 2024 година е реализирана во евра што во однос на истиот период од 2023 година е зголемена за 0,1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 95,3% и 90,3%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот и увозот е зголемена за по 0,2 п.п. во однос на периодот јануари – јуни 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VI - 2023 | | | | | I - VI - 2024 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 3.091,2 | 4.990.686.608 | 61,6122 | 307.487.181.457 | 90,1 | 2.958,9 | 5.007.895.791 | 61,5688 | 308.330.134.361 | 90,3 | 17.209.182 | 0,3 |
| УСД | 389,3 | 544.695.176 | 57,0341 | 31.066.199.129 | 9,1 | 277,2 | 522.735.521 | 56,9433 | 29.766.285.583 | 8,7 | -21.959.655 | -4,0 |
| ГБП | 1,0 | 10.884.316 | 70,3050 | 765.221.810 | 0,2 | 1,6 | 13.181.320 | 72,0362 | 949.532.197 | 0,3 | 2.297.004 | 21,1 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.481,4 | | | 339.318.602.397 | 99,2 | 3.237,7 | | | 339.045.952.141 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 3.489,9 | | | 341.232.827.527 | 100,0 | 3.248,0 | | | 341.348.291.079 | 100,0 | | 0,03 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2024 година изнесуваа 144.304 милиони денари, односно 16,0% од БДП, што претставува повисоко остварување за 10,0% во однос на истиот период од 2023 година. Во споредба со јуни претходната година, буџетските приходи бележат зголемување за 2,9%, што произлегува од позитивниот придонес на даночните приходи од 4,1 п.п., додека неданочните приходи имаат негативен придонес од 1,0 п.п.. Притоа, даночните приходи во јуни 2024 година забележаа раст од 7,6% на годишна основа, како резултат на зголемувањето на приходите по основ на данок од личен доход, данок на добивка, ДДВ, увозните давачки и други даноци.

Во периодот јануари – јуни 2024 година, реализацијата на даночните приходи изнесува 82.895 милиони денари и се повисоки за 14,1% во однос на периодот јануари – јуни 2023 година, како резултат на растот на приходите по основ на сите даноци.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 43,6% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 36.147 милиони денари и бележат зголемување од 13,5% во однос на периодот јануари – јуни претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 56.347 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 20.200 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 7,6%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 2,3% споредено со 2023 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 5,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 11,4%. Акцизите се остварени во износ од 13.447 милиони денари (учество од 16,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 3,8% во споредба со периодот јануари – јуни 2023 година. Така, само од овие два индиректни данока



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria

остварени се вкупно 49.594 милиони денари, што претставува 59,8% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – јуни 2024 година.

Приходите од данокот на личен доход изнесуваа 14.733 милиони денари и бележат раст од 17,8% на годишна основа, а притоа 63,8% од приходите се од плата и други лични примања, 9,5% од приходи од капитал, 8,3% од приходи по основ на договор на дело, 6,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 12,1% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – јуни 2024 година изнесуваа 11.960 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 23,1% во однос на истиот период претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 10,7% и даночните биланси за 43,0%.

Приходите од царина се остварени во износ од 6.084 милиони денари и забележаа зголемување од 14,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 524 милиони денари забележаа зголемување за 54,1% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 50.195 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 14,4% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 14,3%, кај придонесите за вработување за 14,3% и кај придонесите за здравствено осигурување за 14,5%.

Неданочните приходи изнесуваа 8.810 милиони денари и во однос на периодот јануари – јуни 2023 година забележаа повисоко остварување за 14,6% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствարија во износ од 346 милиони денари, што преставува намалување од 7,2% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.196 милиони денари и се за 79,9% пониски во однос на истиот период од 2023 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2024 година изнесуваа 168.162 милиони денари, односно 18,6% од БДП, што е за 8,7% повеќе во однос на истиот период претходната година. Во споредба со јуни претходната година, буџетските расходи бележат намалување за 20,3%, што се должи на намалувањето на тековните трошоци за 4,8% и капиталните трошоци за 88,5%.

Во структурата на реализираните вкупни расходи во периодот јануари – јуни 2024 година, тековните расходи во износ од 155.232 милиони денари учествуваа со 92,3% и се зголемија за 16,9% во однос на периодот јануари – јуни 2023 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 21.065 милиони денари, што претставува зголемување за 22,7% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 10.397 милиони денари и споредено со периодот јануари – јуни 2023 година забележаа зголемување од 8,4%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 112.547 милиони денари. Средствата за трансфери бележат раст од 13,2% во однос на периодот јануари – јуни 2023 година, а учествуваа со 66,9% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 15,9% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 82.519 милиони денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 49,1%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, изнесуваа 52.066 милиони денари, што претставува зголемување за 18,4% споредено со периодот јануари – јуни 2023 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 31,0%. Во категоријата други трансфери е регистрирано зголемување од 7,5%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваа 14.465 милиони денари и се зголемени за 3,8%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 12.731 милиони денари бележат зголемување од 11,7% во споредба со истиот период претходната година.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

**Графикон 3.3:** Буџетски остварувања (во %)




Извор: МФ.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваа 12.930 милиони денари со структурно учество од 7,7% во вкупните расходи, така што забележаа пониска реализација од 41,0% во споредба со периодот јануари – јуни 2023 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – јуни 2024 година реализира 38.340 милиони денари или 59,4% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (72,4%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 27.746 милиони денари или 63,4% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 19,2% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 51,1% (7.357 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 19.215 милиони денари, што е 47,9% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (56,0%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 10.752 милиони денари или 48,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 19,1%, за што се потрошени 3.662 милиони денари, односно 46,5% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – јуни 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 6.997 милиони денари, што претставува 48,4% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,6%, за што се потрошени 4.798 милиони денари или 48,6% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 17,8%, и за таа намена беа реализирани 1.243 милиони денари или 43,1% од годишниот план.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (*јуни 2024 година*)




Извор: МФ.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 5.382 милиони денари што претставува 55,8% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 92,9% во вкупните расходи, реализирани се 61,2% од планираните средства за цела година, односно 5.002 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари – јуни 2024 година реализира 9.426 милиони денари, што е 52,2% од вкупниот буџет за оваа година. Капиталните расходи има најголемо учество во расходите со 43,1%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.063 милиони денари (66,7% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествуваат со 30,6% во вкупните расходи, и за оваа ставка се потрошени 2.887 милиони денари, односно 45,9% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – јуни 2024 година реализира вкупно 2.036 милиони денари, односно 53,0% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 58,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.191 милиони денари (56,8% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари – јуни 2024 година изврши буџетски средства во износ од 3.059 милиони денари, или 40,7% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 50,6%, за што се потрошени 1.547 милиони денари или 44,2% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 1.133 милиони денари (36,4% од планираното за годината) и учество од 37,0% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализира средства во износ од 2.093 милиони денари, што е 16,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 77,3% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (1.619 милиони денари или 13,6% од вкупно планираните средства).

Во јануари – јуни 2024 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 583 милиони денари, што претставува 33,1% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (313 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 53,7%, а притоа се реализирани 48,3% од планираните. По основ на Стоки и услуги отпаѓаат 23,7% од вкупните расходи, за што се реализирани 138 милион денари или 45,1% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/).

## Буџетско салдо

**Графикон 3.5.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

Во периодот јануари – јуни 2024 година дефицитот во Буџетот на Република Северна Македонија изнесува 23.858 милиони денари, што претставува 2,6% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 28.758 милиони денари и претставува 3,2% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – јуни 2024 година изнесува 71,1% од вкупно планираниот буџетски дефицит за оваа година.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Во првите шест месеци од 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 92.118 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 6,2%. Бројот на новозасновани работни односи почнувајќи од април 2021 година до средината на 2022 година бележи тренд на позначителен годишен раст, а во периодот потоа е на релативно стабилно ниво. Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Од вкупниот број нововработени, 42,2% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јуни 2024 година, 15,3% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во јуни 2024 година изнесува 147.711, од кои 101.510 лица се активни баратели на работа, а 46.201 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 3,0%, а почнувајќи почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на мај 2024 година бројот на невработени е намален за 1.476

лица. Бројот на невработени лица во цела 2020 година па се до февруари 2021 година генерално беше во пораст, а почнувајќи од март 2021 година наваму бележи тренд на месечно намалување.

Најголем дел од активните невработени лица (58,8%) е градско население, а според половата структура 48,4% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,3%, е со непотполно средно образование или помалку, 24,3% со завршено средно образование, а 7,5% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,0% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,2% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,0% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во мај 2024 година изнесува 41.252 денари и оствари годишен раст од 13,1%, а во однос на април 2024 година таа е повисока за 0,4%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на мај 2023 година се забележува во следните сектори: Образование (19,6%), Уметност, забава и рекреација (19,0%), и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (16,3%). Во мај 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 8,3%. Највисока просечна нето-плата во мај 2024 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (77.089 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (95.660 денари), по што следуваат, Финансиски дејности и дејности на осигурување со 56.061 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 55.120 денари, и секторот Рударство и вадење на камен со просечно исплатена нето-плата во висина од 52.610 денари.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.5**: Просечна нето-плата по сектори, мај 2024 година
*(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во мај 2024 година изнесува 62.032 денари и споредено со истиот месец од 2023 година порасна за 13,5%, а на месечна основа таа е повисока за 0,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во мај 2024 година во однос на мај 2023 година се забележува во следните сектори: Образование (20,0%), Уметност, забава и рекреација (19,8%) и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (16,5%).

## Пензии

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Во јуни 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 340.350 пензионера. Од вкупниот број пензионери, 70,5% се корисници на старосна пензија, 21,8% на семејна пензија и 7,7% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јуни 2024 година изнесува 21.223 денари односно за 11,9% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[5]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото и на мартовското усогласување на пензиите, според методологијата која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во мај 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 51,6%.

Просечната старосна пензија во јуни 2024 година изнесува 22.884 денари, просечната инвалидска пензија 18.830 денари, а просечната семејна пензија 16.709 денари. За исплата на пензиите овој месец се потрошени 7.008 милиони денари, што претставува 52,0% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јуни 2024 година Народната банка ја задржа основната каматна стапка на ниво од 6,30% која е непроменета од септември 2023 година. По зголемувањата на основната каматна стапка во претходниот период, Народната банка ја држи истата непроменета, согласно потребата од стабилизирање на инфлацијата и инфлациските очекувања на потрајна основа.

[5] При пресметката на просечната пензија, не се вклучени воените и земјоделските пензии.

Во јуни 2024 година, Народната банка ги задржа расположливите депозити преку ноќ и расположивите депозити на седум дена на нивото од 4,20% и 4,25%, соодветно.

## Примарни пари

Во јуни 2024 година, примарните пари[6] се зголемија за 1,6% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 2,3% и 1,1%, соодветно.

На годишно ниво, во јуни 2024 година примарните пари се зголемија за 14,0%, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 18,7% и зголемувањето на готовите пари во оптек за 10,2%.




## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во јуни 2024 година се зголемија за 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на домаќинствата останаа непроменети, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 1,0%.

Од аспект на валутата, во јуни 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 0,5% и 0,2%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во јуни 2024 година оствари раст од 7,2% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 9,9% и 3,9%, соодветно, на годишно ниво.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 4,7% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 8,9%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јуни 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***544.683*** | ***0,4%*** | ***7,2%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *312.080* | *0,5%* | *9,9%* |

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Странска валута* | *232.604* | *0,2%* | *3,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *215.500* | *0,2%* | *0,1%* |
| *Долгорочни* | *129.878* | *0,5%* | *20,1%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***462.435*** | ***0,8%*** | ***6,4%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *276.116* | *1,9%* | *11,7%* |
| *Странска валута* | *186.319* | *-0,8%* | *-0,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *69.134* | *1,0%* | *1,0%* |
| *Долгорочни* | *376.604* | *0,7%* | *7,3%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 0,1%, а долгорочните депозити се зголемија за 20,1%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 57,3% и овој месец истото е зголемено.

## Кредити на банките

Во јуни 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,8% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата за 1,0% и раст на кредитите на претпријатијата за 0,6%.




Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,9%, додека девизните кредити се намалија за 0,8%.

На годишна основа, во јуни 2024 година вкупните кредити се зголемија за 6,4%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата од 5,8% и 7,1%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,7%, додека кредитите во странска валута се намалија за 0,4%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,3%, додека краткорочните кредити се зголемија за 1,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јуни 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,47%. Каматните стапки на денарските кредити и девизните кредити се намалија за по 0,02 п.п. и изнесуваат 5,85% и 4,97%, соодветно.

Вкупната каматна стапка на депозитите во јуни 2024 година се зголеми за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,88%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,02 п.п. и изнесува 2,35%, а каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,03 п.п. и изнесува 1,48%




Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,35%, а на новоодобрените девизни кредити 4,45%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,89% и 2,12%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во јуни 2024 година се намали за 8,1% на месечно ниво, како резултат на падот на блок трансакциите за 31,3%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 5,8%.




Вкупниот промет на берзата во јуни 2024 година изнесува 610,9 милиони денари и истиот е зголемен за 59,1% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јуни 2024 година изнесува 7.704,56 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 3,5%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е зголемен за 34,9%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јуни 2024 година изнесуваа 4.337,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 1,0%, а во однос на јуни 2023 година се зголемија за 3,5%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk